**20242354110**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување на Законот за иновациската дејност,

што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 13 ноември 2024 година.

Бр. 08-5463/1
13 ноември 2024 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНОВАЦИСКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за иновациската дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 79/13, 137/13, 41/14, 44/15, 6/16, 53/16, 190/16 и 64/18), во членот 5 зборовите: „Министерството за економија“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за економија и труд“.

Член 2

Во член 6 во ставот (4) алинејата 1 се брише.

Во алинејата 4 зборовите: „министерот, односно заменикот на министерот за економија“ се заменуваат со зборовите: „министерот, односно заменикот на министерот за економија и труд,“.

Во алинејата 5 зборовите: „министерот, односно заменикот на министерот за информатичко општество и администрација“ се заменуваат со зборовите: „министерот, односно заменикот на министерот за дигитална трансформација,“.

Во алинејата 7 зборовите: „министерот, односно заменикот на министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот, односно заменикот на министерот за социјална политика, демографија и млади“.

Член 3

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија“ се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија“.

Член 4

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.